# СОВРЕМЕНА СРПСКА УМЕТНОСТ

СОВРЕМЕНА СРПСКА УМЕТНОСТ

СКОПЈЕ 1972.

СОВРЕМЕНА
СРПСКА
УМЕТНОСТ

---

МУЗЕЈ
НА СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

---

1972.

*Организација на изложбата:*
Музеј на современа уметност во Белград
Музеј на современа уметност во Скопје

*Концепт на изложбата:*
Стручен совет на Музејот на современа уметност
Претседател: Миодраг Б. Протиќ

*Реализација на изложбата:*
Драга Паниќ, шеф на Одделението на уметнички збирки
Јерко Денегри, кустос
Драгослав Ѓорѓевиќ, кустос
Драгана Враниќ, кустос

*Биографски податоци и каталог:*
Јерко Денегри, кустос
Драгослав Ѓорѓевиќ, кустос
Драгана Враниќ, кустос

*Превод на македонски:*
*Елена Мацан Чукиќ*

*Коректура:*
Илија Бетински

*Графичка опрема на каталогот:*
Богдан Кршиќ

*Технички уредник:*
Совра Барачковиќ

*Фотографии:*
Фотолабораторија на Музејот
на современа уметност, Христифор Настасиќ

*Печат:* Нови Дани — Београд, Рузвелтова 10

Музејот на современа уметност во Белград со задоволство ја прифати поканата на Музејот на современа уметност во Скопје, кој во неговата куќа 1969 година је прикажа современата македонска уметност, да ја врати посетата со аналогна изложба на современата српска уметност, компонирана исклучително од делата од своите збирки.

Со задоволство истакнувам дека Музејот во Белград, по години само нешто постар, соработуваше со Музејот во Скопје на мошне плоден начин. Тоа се огледа не само во организирањето на споменатата македонска изложба во Белград, и на оваа српскава во Скопје, туку и во редица заемни контакти и пријателски помошти во разни работи. Напомнувам дека Музејот, во границите на своите можности работеше на афирмацијата на македонската уметност; првата поставка на Музејот ги опфати, на пример, пионерите на македонската уметност — Мартиноски и Личеноски — и младите македонски уметници Хаџи Бошков, Ивковиќ, Куноски; македонските уметници беа опфатени и со одделни студијски изложби на Музејот што ја реконструираат југословенската уметност на XX век; потоа, одделни прикази на југословенската уметност составени за градовите и музеите во странство, од делата од нашите збирки; IV триенале на кое, по покана од Одборот со југословенски карактер, како гости на Собранието на град Белград и на нашиот Музеј излагаа Перчинков, Кондовски, Калчески, Шијаковиќ, Маневски, Хаџи Бошков, Грабуловски. Освен тоа, двата музеја заеднички го организираа парискиот Мајски салон во Југославија. Тие соработуваа исто така и во редица помалку видливи работи, од размена на заемни искуства околу изградбата и функционирањето на нашите нови згради, до методите и програмите за работа итн.

Врз основа на сето тоа можам со задоволство да истакнам дека двата музеја сметаат оти таквото однесување е во согласност со битието на самата култура, со функцијата на секој модерно заснован музеј и, најпосле, со карактерот на нашето самоуправно социјалистичко општество.

Сеќавајќи се на учеството на македонските уметници Мартиноски и Личеноски во белградското предвоено сликарство, Музејот на современа уметност и во иднина ќе направи се́ да го продолжи присуството на македонската уметност во својата потесна средина.

Првата изложба на српската современа уметност во Македонија мораше, поради расположливиот простор, да биде редуцирана само на главните појави и нивните протагонисти, повеќе на денес отколку на вчера, на резиме на така богатите бранувања што настанаа во белградската и српската уметност по 1950 година. Нивните суштински карактеристики се дадени во уводните текстови на Драгослав Ѓорѓевиќ (сликарство) и Јерко Денегри (скулптура), уметнички критичари и кустоси на Музејот.

Благодарејќи на гостопримството, Музејот на современа уметност изразува, накратко,уверување дека во областа на ликовното мостовите на соработката и натаму ќе се зацврстуваат, зашто во неа секој народ може да се изразува без посредници — станува збор за универзалните медиуми: линијата, бојата и обликот — разбирливи за сите народи.

**Миодраг Б. Протиќ**

## СЛИКАРСТВО

Секој избор претставува резиме, еден вид синтеза на значително пошироки и покомплексни подрачја коишто е невозможно а и непотребно да се опфаќаат во својот тоталитет. Зависно од тоа што сакаме, од кои принципи се раководиме и со кои критериски мерила вреднуваме, изборот ја добива својата тежина и оправданост, својот индивидуален карактер на историска ретроспектива или информација, на панорамски приказ на современите настани, критичко снимање на акуелните појави и тенденции или на студиски компонирана естетска антологија.

Фактот дека за прв пат, по ослободувањето, на македонската и скопската културна јавност ѝ се дава прилика пошироко да се запознае со резултатите на повоената српска уметност, или поточно, со уметноста настаната во Белград и на територијата на СР Србија, што е потребно да се напомене поради различниот нациналeн состав на нејзините уметници, диктираше при изборот потреба од усвојување еден комбиниран принцип што без многу отстапувања би ги помирил клучните моменти на повоената историја со живите актуелности на секојдневието, траењето со настанувањето, панорамското — во смисла на различноста — со антологиското — во смисла на вредноста. Тоа е наедно и обид со избраното и со прикажаното да се укаже посредно и на други појави и личности што на изложбата не се присутни, но кои со кругот на своите сродномисленици ги застапуваат тенденциите карактеристични за современата српска уметност, како што е случајот со повеќето претставници на интимистичката или на експресионистичката струја на фигурацијата, на апстракниот експресионизам и енформелот или на неонадреалистичките и поетско-фантастичките сфаќања.

Развојниот пат на повоеното српско сликарство беше во многу нешто сличен со почетоците во другите национални средини: големата меѓународна традиција, прекината со револуцијата и со новите погледи што таа со себе ги носеше, е заменета во првите години на слободата со строга и исклучителна доктрина на социјалистичкиот реализам. Меѓутоа, кон крајот на петтата деценија, по Резолуцијата на Информбирото, историските околности суштински се изменија а со нив и односот на општествените фактори спрема уметноста. Веќе во почетокот на шестата деценија, подотворените врати кон нови естетички хоризонти се повеќе се раскрилија, доведувајќи ги младите уметници во дилема по кои патишта да се појде. Постарата, меѓувоената генерација сликари остана доследна на себе си, продолжувајќи ги своите индивидуални развои се до денешниве денови (или до годината на смртта) во рамките на широко сфатените и уште пошироко применените стилски одредници на темпераментен и гестуално колористички експресионизам (Зора Петровиќ, Милан Коњовиќ, Јован Биелиќ), на лирски и медитативен интимизам (Неделко Гвозденовиќ, Љубица Сокиќ, Стојан Аралица, Иван Радовиќ), на колористички рационализам и поетски реализам (Мило Милуновиќ, Марко Челебоновиќ).

Со историската изложба 1951 и со нешто покасниот циклус за Косовскиот бој (1952—1953), Петар Лубарда со својот епски експресионизам внесе нов пророчки звук во белградското сликарство, навестувајќи ги идните облици на експресионистичката фигурација, асоцијација и нефигурација. Уште двајца белградски сликари од постарата генерација, Пеѓа Милосављевиќ и Иван Табаковиќ, претставуваат генерациски и концептуални мостови помеѓу она од вчера и ова од денес во современата српска уметност. Првиот е визионерски поет свртен кон минатото и кон древените култури, вториот, визионер на идното доба што ја открива поезијата на егзактното и ја поврзува свеста со совеста на своето лудо и неодговорно време.

Постарите веќе имаа свои патишта, помладите допрва ги бараа. Секој чекор кон новото се подразбираше како освојување на старото, освојување на онаа традиција што претходеше и што вливаше храброст посигурно да се зачекори кон хоризонтите на Европа зацртани со геометриската апстракција и со апстрактниот експресионизам. Од интимизмот, од поетскиот реализам и од експресионизмот на меѓународното наследство само за две-три години се измина патот до геометриското и асоцијативното во чиишто знакови се роди 1955 година „Декемвриската група" како најизразит носител на тие стремежи. Во 1958 година се одржува првата изложба на надреалистичката група „Медиала" која е подеднакво активна и на теориски и на изложбен план, а во почетокот на наредната, седмата деценија, сли-

карството на енформелот и другите видови на нефигуративните изрази станаа доминанти во белградското сликарство. Со појавата на најмладата генерација што се јавува некаде околу средината на истата деценија, со концепциската промена настаната во меѓувреме кај поголемиот број на нивните претходници, белградското сликарство влегува во нов изразен период свртено кон нови облици и на фигурацијата и на нефигурацијата, кон симбол и знак, нова геометрија, наративна и протестна фигурација, кон нови видови на експресионизмот, поетската фантастика и др.

Внатре во тие сложени движења, често истовремени според времето на појавувањето и на траењето, промени настанати со логичен растеж и развој на индивидуалните ставови, интернационализирање на пластичните феномени и на усвојувањето заеднички естетски гледишта, тешко е и мошне ризично да се врши каква и да е стилска класификација и квалификација и да се ставаат терминолошки нишани на тенденциите што со европските само се допираат или кои само условно им припаѓаат. Па сепак, за да се укаже на таа разновидност на сакањата и на симултаноста на појавите и на движењата нужно е макар грубо да се ограничат припадничките подрачја и по цена на непрецизност да се групираат релативните сродности, за да се одбегне одвишно детализирање и за да се покаже развојниот континуитет според линијата на растежот од фигурацијата на традиционалниот одглас, преку асоцијативното и нефигуративното, до денес и овде актуелните сремежи.

Областа на фигурацијата на традиционалните одгласи се шири од предметноста со благи примеси на магичното и на надреалното (Ксенија Дивјак, Милан Кечиќ), до транспозиција која за своето потекло им должи или блиску другува со некои искуства од апстрактната уметност (Младен Србиновиќ, Петар Омчикус, Милош Баиќ).
Родена во закрила на геометризмот на „Декемвриската група", нефигурацијата најде свој израз или во гестуален апстрактен експресионизам (Бата Михаиловиќ) или во енформел и апстрактен структурализам (Бранко Протиќ, Миќа Поповиќ, Вера Божичковиќ - Поповиќ, Владислав Тодоровиќ), добивајќи често карактеристики на магичен архетипски симбол (Живоин Туринскi) или здружени карактеристики на апстрактен експерсионизам и експерсионистичка фигурација (Зоран Павловиќ).

Во текот на седмата деценија покрај сликарство на материјата и разни видови на постенформелска апстракција се јавуваат и се поизразити тенденции кон нов геометризам. Тие се покажуват или низ крајна редукција на апстрактниот пејзажизам којшто почетните врски со природата и поетско-метафоричкиот настан ги преведува на план на чисто ликовна идеја (Стојан Ќелиќ, Миодраг Б. Протиќ), или низ нов орнаментизам со често јасно изразени национални особености (Лазар Возаревиќ, Александар Томашевиќ) или низ апасионална, нова апстракција на минимален (Радомир Дамјановиќ), органски (Мира Бртка) и конструктивен тип (Милена Чубраковиќ).

Од фигурацијата на надреалистичките карактеристики, типични за активноста на белградската група „Медиала" (Леонид Шејка, Љуба Поповиќ, Милиќ Станковиќ, Светомир Самуровиќ), сликарството се движеше во разни правци на современите фигурални барања, кон нов експресионизам на надреални, поетско-гротескни и инфантилни содржини (Владимир Величковиќ, Олја Ивањицки, Радомир Релјиќ, Предраг-Пеѓа Нешковиќ), кон облици на нова фигурација на поетско-ироничен, наративен, протестен или композитен тип (Живко Ѓак, Душан Оташевиќ, Бојан Бем, Драгош Калаиќ, Надежда Првуловиќ) или кон социјално-критички „сликарски призор" во најновите дела на Миќа Поповиќ и монументализирање на архетипскиот симбол на мајчинството во претсмртните фигурални композиции на Лазар Возаревиќ („Терешкова").

Како графиката, така и таписеријата должи за својот подем и процут на повоеното време, покажувајќи поетски одлики на своите творци олицетворени во фантастична транспозиција на средновековните мотиви и митови (Милица Зориќ), наивна нарација на рустичниот симбол (Лазар Вујаклија) или во стилизација на апстрахираните форми усогласена со барања на специфична техника (Бошко Петровиќ).

Ако концепцијата на изложбата говори едновремено за историјата и за денешниов момент, изложените дела укажуваат само на досегот што современото белградско и српско сликарство го достигна без оглед на времето и на историјата.

**Драгослав Ѓорѓевиќ**

## СКУЛПТУРА И ГРАФИКА

Движењата во српската скулптура на последната деценија се карактеризираат со истовремено присуство на уметници од неколку генерации: во овој период дејствуваат скулпторите што се формираа уште во средината на 50-тите години и кои денес продолжуваат со своите веќе одредени барања, како и скулпторите што се јавуваат поправо во текот на последниве години, донесувајќи нови погледи и сфаќања. Распонот на сите овие појави одразува на само индивидуални определувања и способности на самите уметници, туку преку тие податоци можат да се следат и некои симптоми на промените во општите идејни и пластични афинитети на средината: се чувствува, согледан во основни контури, премин од изразито субјективни видови на експресијата изразена со органско сфаќање на формата, што главно ја застапуваат скулпторите од денешната средна генерација, кон обиди на едно пообјективно обликување на концептот врзан за нови техники и материјали, со што главно се занимаваат уметниците од помладите генерации.

Врската со историскиот меѓувоен период ја одбележува на оваа изложба присуството на Ристо Стиовиќ: неговото повоено дело не одеше кон ширење на веке поставените темели, одгледувајќи го и натаму својот карактеристичен тематски свет даден во благи стилизации на формата и со почит кон основната природа на материјалот. Стремежот кон нови сфаќања започна во средината на 50-тите години со појавата на скулпторите од денешната средна генерација. Помеѓу нив делото на Олга Јевриќ се одликуваше со став на посебен радикализам: избор на нови скулпторски материјали, наклоност кон директна експресија на формата ослободена од предметни мотиви и сложена пластична замисла што избива од целокупниот систем на односите на волуменот и на железните прачки, дадоа на нејзиното дело белег на изразита оригиналност. Скулптурата на Олга Јевриќ припаѓа, според својот основен карактер, на комплексот на европскиот енформел од средината на 50-тите години, во чиишто движења таа оствари своевремено забележлива меѓународна репутација. Последниве години, Олга Јевриќ се повеќе се ориентира кон разработка на својот веке дефиниран пластичен свет, одржувајќи и натаму висок степен на скулпторска концентрација.

Во рамките на едно широко сфатено подрачје на органската форма се движат барањата на неколкумина скулптори од денешната средна генерација. Така Олга Јевриќ, поаѓајќи од формата на арповскиот пример, оди кон нагласување на експресивната состојба на масата којашто во своите напнати облини и чувствителност на материјалната обработка на површината постигнува сугестија на едно специфично архетипско значење; Мира Јуришиќ ги синтетизира органските својства на масата со редуцирано антропоморфно одредување на формата, додека Јован Кратохвил бара симбиоза на органските и механичките елементи, најпрвин во скулптурите решени во класичен материјал — бронза, а потоа и во делата решени со постапка на заварување на металните фрагменти.

Вон од традиционалните скулпторски проседеа работеше и Зоран Петровиќ: тој уште од средината на 50-тите години, користејќи ги деловите на најдените предмети од механичко потекло, формираше фигуративно поврзани целости со видлива нота на надреалистичка нарација. Неговите понови дела во иста техничка постапка постепено се ослободуваат од симболичките претстави и се потчинуваат на барањата на самиот материјал, варено и леано железо.

Во почетокот на седмата деценија, во контекстот на новите појави што ги донесе младата генерација, дојде и на подрачјето на скулптурата до проширување на мотивите на пластичното дејствувтање. Ова ширење најпрвин се манифестираше во појавите на оние типови на форми што на идеен, симболички и обликовен план укажуваат на почетоци кон појавување на еден нов пластичен сензибилитет настанат во допирот со реалноста на современата техничка цивилизација. Протагонист на овие сфаќања во српската скулптура беше Ото Лого кој во средината на 60-тите години изгради свој концепт во којшто, обединувајќи ја внатрешната подвижност на масата со прецизна обработка на деталите и со високо политирање на површината, даде едно специфично толкување за симбиозата на органските и механичките елементи на формата. Кај Милија Нешиќ доаѓа до израз стремежот, пластичното дело да се доближи до идејата и изгледот на еден нефункционален технички предмет.

Најрадикална позиција во оваа проблематика на технички тип на формата зазема Велизар-Васа Михиќ, уметник кој инаку живее во

Соединитe Американски Држави: неговите чисти геометриски форми дозволуваат можност за слободно просторно разместување, а едновременото прекршување на светлината во материјата на бојадисано плекси-стакло му дава на овој пластичен ансамбл постојано променлив визуелен изглед.
Стремежот кон денес честото соединување на пиктуралните и пластичните белези, кон внесување елементи на бојата во телото на скулптурата, го карактеризира делото на Ана Бешлиќ која во текот на последниве години радикално го измени својот израз, ориентирајќи се кон обликување органски форми во фиберглас. Томислав Каузлариќ започна да дејствува со тематика на скулптура-предмети во бојадисано дрво, за да продолжи во поновите творби со разработка на проблемот за подвижна пластика со амбиентален карактер. Венија Вучиниќ-Турински ја решаваше идејата за скулптура-предметите, реализирана во дрво и врзана за мотивските извори на рустичната и преттехничката реалност, додека Коста Богдановиќ, останувајќи верен на класичната тема на портретот, работи форми во полиестер со стегнат и крајно редуциран предметен карактер.
Графиката во Србија помеѓу двете војни се развиваше, во однос на сликарството а делумно и на скулптурата, со значително побавно темпо, што услови поместување на првите посовремени изразни облици дури во периодот по 1950 година, а посебно во периодот на последнава деценија. Во тоа време дејствува цела редица уметници што исклучително се посветија на графиката или пак во оваа дисциплина остварија квалитетно јадро на своето дело, а сето тоа доведе до издигање на општото ниво на графиката во целата современа српска уметност. Сепак, денешните движења во српската графика остануваат и натаму главно во доменот на една доста класично сфатена карактеристика на овој изразен род: повеќето идејни и технички искуства што се појавија последно време во пошироките интернационални движења ретко се рефлектираат во своите побитни моменти во графичките барања на нашиот терен.
Во почетокот на 60-тите години Михаило С. Петров, пионер на српската графика во меѓувоениот период, реализира еден графички циклус во комбинирана техника, во којшто, во духот на проблематикаа на енформелот, ги испитува изразните можности на самата материја. Едновремено, тројца претставници на средната генерација, Стојан Ќелиќ, Младен Србиновиќ, Бошко Карановиќ, кои уште во средината на 50-тите години излагаа заеднички графика неколку пати, ги осовременија своите обликовни постапки: Келиќ тргна кон едно пословодно третирање на пејзажот во техника на бакропис, Србиновиќ во техника на литографија во боја ги интерпретира своите карактеристични фигуративни мотиви, додека Карановиќ почна со испитување на можноста за гравира во линолеум. Последниве години Ќелиќ повторно го обнови својот графички израз доближувајќи се до концептот на еден специфичен геометризам и внесувајќи во целоста на композицијата елементи на чиста боја. Двата војводински уметници од средната генерација, Миливој Николаевиќ и Анкица Опрешник донесоа во редуцирани или стилизирани облици тематика врзана за една лирска интерпретација на нивниот амбиент.
Помеѓу припадниците на белградскиот графички круг можат да се забележат неколку основни ориентации. Така кај Марко Крсмановиќ и Богдан Кршиќ доаѓа до израз определување за фигуративна тематика со умерени елементи на фантастиката, решавана со наклоност кон испитување на материјата во техника на длабок печат и акватинта, додека кај Миодраг Нагорни и Бранко Миљуш овој елемент на фантастиката е даден во форми на симболичен карактер со видлива асоцијација на органскиот и биолошкиот свет. Одделно место зазема делото на Миодраг Рогиќ, кој во техника на линорез донесува мотиви врзани за појавите и предметите од секојдневноста.
Уметниците на помладите генерации, што се афирмираа во текот на последниве неколку години, се движат главно во доменот на веќе отворените проблеми: тоа се, од една страна, тековите на редуциран и стилизиран реализам и, од друга страна, тековите на фантастичната и наративната фигурација. Внатре во овие сфаќања се развиваат Халил Тиквеша и Емир Драгуљ, кои се ориентирани кон барање прецизност во графичката постапка со тематика на поетизирани евокации од нивниот роден крај, а потоа и Живко Ѓак, Стеван Кнежевиќ, Љубомир Кокотовиќ, Милан Станоев и Миомир Радовиќ, кои разработуваат еден метафоричен начин на изразување во кој елементите на реалноста се проникнуваат со симболични и фабулативни содржини.

**Јеша Денегри**

## СТОЈАН АРАЛИЦА

роден 1883 во Шкари кај Оточец. Во 1909 почнува да студира сликарство во Минхен, најпрвин приватно а покасно на Академија. По дипломирањето студира графика во Прага, 1919—1920 е на усовршување во Рим и Фиренца. Од 1925—1935 со краток прекин живее во Париз. Прв пат излага 1909. Редовен член на Српската академија на науките и уметностите и дописен член на ЈАЗУ. Одликуван со Орден на трудот I ред. Живее и работи во Белград.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Загреб 1919, 1929, 1933, 1937, 1939, 1961/62; Белград 1929, 1935, 1951, 1958, 1962, 1963/64, 1969; Прага 1933; Сплит 1935; Осиек 1940; Штокхолм 1948; Врбас, Сомбор 1971.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Париз, Есенски салон, Салон на независни и Салон-Тилјери, 1926—1933; Лондон, Југословенска скулптура и сликарство, 1930; Прага, Варшава, Уметност на народите на Југославија на XIX и XX век, 1948; Келн, Диселдорф, Есен, Современо сликарство и тапиесерија од Југославија, 1964; Загреб, »Половина век на хрватската уметност«, 1938/39; Белград, »70 сликарски и вајарски дела«, 1951; Чачак, I меморијал на Надежда Петровиќ, 1960; Дубровник, »8 сликари«, 1964; Белград, »Уметници од XX век — Академици«, 1968; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, IV ДЕЦЕНИЈА — експресионизам на бојата, поетски реализам, 1971; на изложбите на УЛУС со групите »Облик«, »Шесторица« и »Дванаесторица«, на Октомврискиот салон и Триенале на југословенска ликовна уметност во Белград, и др.

НАГРАДИ

Белград, Октомвриска награда на град Белград, 1959; Белград, Седмојулска награда на СР Србија за животно дело, 1963.

АДРЕСА

Белград, Париска 14.

1\.
МОТИВ ОД БЕЛГРАД, 1953.
масло на платно, 81×65

---

## МИЛОШ БАЈИЌ

роден 1915 во Ресановци. Завршил Академија за ликовни уметности и Специјален курс во Белград. Редовен професор на Академијата за ликовни уметности во Белград. Излага од 1947. Живее и работи во Белград.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Белград 1952, 1954, 1958, 1962, 1966, 1967, 1968/69; Нови Сад 1956, 1960; Бачка Топола 1959; Суботица 1961, 1968; Скопје 1962; Риека, Пула, Тузла 1967.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Варшава, Уметници на НОБ, 1964; Бејрут, Багдад, Современо југословенско сликарство, 1967; Белград, I, II, III триенале на југословенска ликовна уметност, 1961, 1964, 1967; Словен Градец, Ангажирана уметност во Југославија, 1969; Белград, IV ДЕЦЕНИЈА — Надреализам и социјална уметност 1929—1950, 1969; Загреб, II загрепска изложба на југословенскиот цртеж, 1969; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, Апстрактно сликарство во Србија 1951—1971, 1971; излагал со групата »Самостојни«, »Декемвриска група«, на Октомврискиот салон во Белград, на изложбите на уметничките колонии во Ечка, Бачка Топола, на Ликовната средба во Суботица, и др.

НАГРАДИ

Сента, I награда на АП Војводина на изложбата »10 години на сликарските колонии«, 1962; Белград, Награда на УЛУС за сликарство, 1967.

АДРЕСА

Белград, Тадеуш Кошќушки 60.

2\.
ПОСЛЕДЕН ОБЕД — МАТХАУЗЕН, 1967.
масло на платно, 150×140



1
2





3

6



## БОЈАН БЕМ

роден 1936 во Белград. Завршил Филозофски факултет — група историја на уметноста во Белград. Извесно време живеел во Париз.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Белград 1969 (со П. Пашќан) 1971; Нови Сад 1970 (со П. Пашќан).

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Дубровник, Изложба на »8 сликари«, 1965; Белград, III југословенско триенале, 1967; Риека, II меѓународна изложба на оригинален цртеж, 1970; Задар, Плав салон, 1970; Париз, Млади југословенски сликари, 1970; Белград, IV триенале на југословенска ликовна уметност, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Рим, Претставници на белградската фигуративна уметност, 1971; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972 и др.

АДРЕСА

Белград, Страхиниќ Бан 70.
(кај Љ. Глигориевиќ)

3.
ЅИД, 1971.
маслен пастел на хартија, 70×100

4.
СЕНКА, 1971.
маслен пастел на хартија, 70×100

---

## ЈОВАН БИЕЛИЌ

роден 1886 во Колуниќ, починал 1964. во Белград. Учел сликарство на Академијата во Краков од 1909—1913. Во Париз престојувал 1913—1914 на Академијата Гранд Шомиер. Во Белград доаѓа 1918 каде што живее до смртта. Покрај сликарство се занимавал со сценографија и педагошка работа. Еден од основачите и припадник на групата »Облик«, на групата »Слободни« и на групата »Независни« уметници. Член на Српската академија на науките и уметностите од 1963.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Загреб, 1919; Белград, 1929, 1932, 1957, 1968; Сараево, 1957; Љубљана, 1958; Бихаќ, 1960.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Филаделфија, Интернационална изложба на индустриска уметност, 1926; Барцелона, Југословенска уметност, 1929; Лондон, Југословенска скулптура и сликарство, 1930; Париз, Меѓународна изложба, 1937; Рим, Современа југословенска уметност, 1937; Прага, Варшава, Уметност на народите на Југославија на XIX и XX век, 1948; Соединети Американски Држави, »Ново сликарство во Југославија«, 1962; Париз, Сараево, Уметност во Југославија од праисторија до денес, 1971; Загреб, Белград, Љубљана, Половина век на југословенското сликарство 1900—1950, 1953; Дубровник, Современо југословенско сликарство (АИКА), 1956; Белград, III ДЕЦЕНИЈА — конструктивно сликарство, 1967/68; Белград, »Уметници од XX век — Академици«, 1968; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, IV ДЕЦЕНИЈА — експресионизам на бојата, поетски реализам, 1971; излагал на Пролетните и Есенските изложби на УЛУС, со групите »Облик«, »Независни« и »Слободни«, на изложбите на Октомврискиот салон и Триенале на југословенска ликовна уметност во Белград, и др.

НАГРАДИ

Барцелона, Почесна диплома за сликата »Полуакт« на Меѓународната изложба, 1929; Белград, Награда »Геца Кон« за уметничка творба, 1936; Париз, Почесна диплома на Светската изложба, 1937; Белград, Октомвриска награда на град Белград, 1957; Награда на град Бихаќ, 1959; Белград, Седмојулска награда на СР Србија за животно дело, 1960.

5.
ЛУЃА И НЕБО, 1952.
масло на платно, 92×73

6.
ЦРВЕН ПЕЈЗАЖ, 1963.
масло на платно, 85×70

## ВЕРА БОЖИЧКОВИЌ — ПОПОВИЌ

родена во Брчко 1920 Академија за ликовни уметности завршила во Белград 1949. Во 1947 година заминува за Задар, каде што работи со другите членови на »Задарската група«. Престојувала подолго време во Париз. Член на Друштвото на српските уметници »Лада«. Покрај сликарство се занимава со тапісерија и костим. Излага од 1947. Живее и работи во Белград.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Белград 1956, 1958, 1960, 1969.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Лондон, Југословенските-жени сликари, 1952; Хелсинки, Југословенска тапісерија и керамика, 1964; Букурешт, Југословенска тапісерија и ситна пластика, 1966; Вашингтон, Југословенска тапісерија, 1967; Белград, Октомвриски салон, 1961—1971; Белград, Триенале на југословенска ликовна уметност, 1961, 1967; Дубровник, »8 сликари«, 1964; Чачак, V меморијал на Надежда Петровиќ, 1968; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, Апстрактно сликарство во Србија 1951—1971, 1971; изложби на УЛУС, на групата »Лада«, и др.

НАГРАДИ
Белград, Награда за сликарство на III октомвриски салон, 1962; Ровињ, Награда за сликарство БАТАНА 68, 1968.

АДРЕСА
Белград, Студентски трг 19.

8.
ВЕРТИКАЛНО
РАСЛОЈУВАЊЕ, 1962.
масло на платно, 116×81

---

## МИРА БРТКА

родена 1930 во Нови Бановци кај Стара Пазова. Дипломирала на Академијата за театарска и филмска уметност во Белград 1953. Исто така дипломирала сликарство на Академијата за ликовни уметности во Рим 1963. Самостојно режирала краткометражни филмови за Загреб-филм и била асистент на режијата во Рим кај режисерот Пиетро Ѓерми и Алберт Латуада. Живее и работи во Рим и Стара Пазова.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Рим 1964; Сараево 1970; Стара Пазова, Нови Сад, Белград, 1971.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Рим, V симпозиум на ликовните уметности на Рим и Лациј, 1965; Тренто, Група »Илуминација«, 1967; Рим, VI римско биенале, 1967; Рим, Група »Изложбен саем«, 1968; Белград, III триенале на југословенска ликовна уметност, 1967; Белград, Октомвриски салон, 1968—1971; Белград, Изложби на УЛУС, 1968—1970; Белград, Ликовни уметници на Војводина, 1970 и др.

АДРЕСА
Стара Пазова, Маршал Тито 88.

7.
КОНСТРУКЦИЈА I, 1965.
масло на платно, 80×100



8

7






10

11



## МАРКО ЧЕЛЕБОНОВИЌ

роден 1902 во Белград. Правни и економски науки студирал во Фиренца и Англија. Кратко време поминал во ателјето на Бурдел, а 1923 година се определува за сликарство. Живее и работи во Париз и Белград.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Париз 1926, 1930, 1937, 1946, 1952, 1953, 1955, 1957, 1960, 1961; Белград 1937, 1952, 1953, 1955, 1958, 1963, 1966; Сараево 1956, 1968; Цирих 1960; Женева 1963; Скопје, Ниш, Љубљана, 1964; Осиек 1969.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Лондон, Југословенска скулптура и сликарство, 1930; Париз, Салон-Тилјери, 1925, 1926, 1932; Рим, Современа југословенска уметност, 1937; Париз, Хаг, Изложба на Здружението на југословенските уметници во Париз, 1937, 1939; Токио, III биенале, 1955; Сао Паоло, IV биенале, 1957; Брисел, Светска изложба, 1958; Атина, Солун, Современи југословенски сликари и графичари, 1963; Париз, Изложба на учениците на ателјето на Бурдел, 1964; Париз, Сараево, Уметност во Југославија од праисторија до денес, 1971; Белград, Октомвриски салон, 1960, 1961; Белград, Триенале на југословенска ликовна уметност, 1961, 1964, 1967, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, IV ДЕЦЕНИЈА — експресионизам на бојата, поетски реализам, 1971 и др.

НАГРАДИ
Чачак, I награда на Меморијалот на Надежда Петровиќ, 1960; Седмојулска награда за животно дело, 1963.

АДРЕСА
Белград, Чубрина 5

9.
ЗЕЛЕНО И СИНО, 1958.
масло на платно, 91,5×73

10.
МРТВА ПРИРОДА „УТРО“, 1969.
масло на платно, 91,5×64,5

---

## МИЛЕНА ЧУБРАКОВИЌ

родена во Бреница. Дипломирала на Академија за ликовни уметности во Белград. Живее и работи во Рим.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Белград 1958, 1959; Рим 1961, 1962; Сараево 1970 (со М. Бртка).

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Рим, Сегашни форми, 1965; Тренто, Илуминација, 1967; Белград, Некои тенденции на белградската уметност, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972.

АДРЕСА
Белград, Војвода Степа 346

11.
КОНСТРУКЦИЈА Е-67, 1967.
бојадисано дрво, 122,5×122,5

12.
КОНСТРУКЦИЈА Л-67, 1967.
бојадисано дрво, 120×123
сопств. на авторот

## СТОЈАН ЌЕЛИЌ

роден 1925 во Босански Нови. Академија за ликовни уметности завршил во Белград 1951, а Специјален курс 1953. Вопреден професор на Академијата за ликовни уметности во Белград. Се занимава со сликарство, графика, таписерија, ликовна критика и есеистика.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Белград 1954, 1958, 1962, 1964, 1966, 1967, 1968; Загреб 1962; Љубљана 1963; Сплит 1965; Скопје 1966; Сараево 1966; Ниш 1967.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Париз, Антиб, Современо југословенско сликарство, 1960; Венеција, 25 југословенски сликари, 1962; Венеција, XXXII биенале, 1964; Токио, VIII биенале, 1965; Сан Марино, V меѓународно биенале на современа уметност, 1965; Вашингтон, Југословенска уметност — Помладата генерација, 1966; Токио, Биенале на графика, 1966; Амстердам, Седум графичари од Југославија, 1968; Сао Паоло, X биенале, 1969; Нирнберг, Југословенска современа графика, 1971/72; Париз, Сараево, Уметност во Југославија од праисторија до денес, 1971; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972; Венеција, Меѓународна изложба на графика на XXXVI биенале, 1972; Белград, Октомвриски салон, 1960, 1962, 1964; Белград, Триенале на југословенска ликовна уметност, 1961, 1964, 1967, 1970; Љубљана, Меѓународна изложба на графика, 1963, 1965, 1967, 1969, 1971; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, Апстрактно сликарство во Србија 1951—1971, 1971 и др.

НАГРАДИ

Белград, Октомвриска награда на град Белград, 1958; Белград, Седмојулска награда на СР Србија, 1960; Загреб, Награда на III загрепска изложба на југословенската графика, 1964; Љубљана, III награда на Меѓународната изложба на графика, 1965; Белград, Награда за таписерија на Октомврискиот салон на применатa уметност, 1966; Белград, Награда на »Политика«, 1969.

АДРЕСА

Белград, Лола Рибар 27

13.

МИКЕНА II, 1968.
масло на платно, 195×140

14.

СЛИКА ЗА 1968. ГОДИНА II, 1968.
масло на платно, 195×140

---

## РАДОМИР ДАМЈАНОВИЌ ДАМЈАН

роден 1936 во Мостар. Академија за ликовни уметности и Специјален курс завршил во Белград.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Белград 1958, 1960, 1962 (со Б. Протиќ и С. Самуровиќ), 1964, 1966, 1968, 1970; Загреб 1962, 1966; Сплит 1965, 1967. (со Р. Релјиќ и Д. Оташевиќ); Фиренца 1966; Цирих 1967; Приштина 1967; Ниш 1968; Тибинген 1968; Љубљана 1969; Нови Сад 1970; Скопје 1970 (со Р. Релјиќ и Д. Оташевиќ).

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Александрија, IV биенале на медитерански земји, 1961/62; Париз, Современа југословенска уметност, 1961/62; Штокхолм, Рим, Современа југословенска уметност, 1962; Венеција, 25 југословенски сликари, 1962; Атина, Солун, Современи југословенски сликари и графичари, 1963; Сао Паоло, VII биенале, 1963; Касел, »Документа III«, 1964; Сан Марино, V интернационално биенале на современата уметност, 1965; Венеција XXXIII биенале, 1966; Токио, IX биенале, 1967; Братислава »Данувиус 68«, 1968; Њујорк, Современи млади уметници, 1969; Париз, Сараево, Уметност во Југославија од праисторија до денес, 1971; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972; Риека, Риечки салон, 1958, 1961, 1969; Белград, Октомвриски салон, 1960, 1961, 1962, 1963, 1965; Белград, Апстрактен пејзаж, 1962; Задар, Плав салон, 1962, 1968; Белград, Триенале на југословенска ликовна уметност, 1961, 1964, 1967 и 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, Апстрактно сликарство во Србија 1951—1971, 1971 и др.

НАГРАДИ

Сао Паоло, Меморијална награда »Ванда Свево« на VII биенале, 1963; Чачак, Награда на Меморијалот на Надежда Петровиќ, 1964; Белград, Октомвриска награда на град Белград, 1964; Белград, I награда на III триенале, 1967; Белград, Откупна награда на Музејот на современа уметност на III триенале, 1967; Задар, I награда на »Плавиот салон«, 1968; Братислава, Награда на Биенале »Данувиус«, 1968.

АДРЕСА

Белград, Пожешка 68

15.

СЛИКА, 1970.
масло на платно, 200×210
сопств. на авторот

16.

СЛИКА, 1970.
масло на платно, 200×210







## КСЕНИЈА ДИВЈАК

родена во Иваниќ Град. Дипломирала на Академија за ликовни уметности во Белград. Излага од 1951. Живее и работи во Белград.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Белград 1955, 1964, 1970; Скопје 1957.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Њујорк, Меѓународен фестивал на уметноста, 1958; Александрија, IV биенале на медитерански земји, 1961/62; Белград, Триенале на југословенска ликовна уметност, 1961, 1964, 1967; Чачак, II мемориал на Надежда Петровиќ, 1962; Словен Градец, Современа српска уметност, 1962; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; излагала на Октомврискиот салон во Белград, на изложбите на УЛУС, на »Лада«, на изложбите на уметничките колонии во Ечка, Сиќево, и др.

НАГРАДИ

Белград, Октомвриска награда на град Белград, 1961.

АДРЕСА

Белград, Старо Сајмиште

17.

МРТВА ПРИРОДА (ЖАПКИ), 1960.

масло на платно, 81×130

---

## ЖИВКО ЃАК

роден 1942 во Белград. Академија за ликовни уметности и постдипломски студии завршил во Белград. Се занимава со сликарство и графика.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

Белград 1967, 1968, 1969, 1970, 1971; Загреб 1968; Нови Сад 1969; Врбас 1969; Лондон 1969; Милано 1970; Брауншвајг 1970; Љубљана 1971.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО

Гренхен, IV меѓународно триенале на графика во боја, 1967; Александрија, VII медитеранско биенале, 1968; Штокхолм, »10 југословенски графичари«, 1968; Земјите на Јужна Америка, Современа југословенска уметност, 1968; Пистоја, II биенале на графика, 1968; Бреша, Интернационална изложба на графика, 1968; Париз, Млади југословенски уметници, 1969; Болоња, Меѓународна изложба на графика, 1970; Белград, III триенале на југословенска ликовна уметност, 1967; Белград, Октомврски салон, 1967, 1968, 1969, 1970; Загреб, Загрепска изложба на југословенска графика, 1968, 1970; Сомбор, III триенале на југословенскиот цртеж на младите, 1969; Белград, IV триенале на југословенска ликовна уметност, 1970; Кил, Југословенска графика, 1970; Париз, II интернационално биенале на графика, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Рим, Претставници на белградската фигуративна уметност, 1971; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972.

НАГРАДИ

Белград, I награда за графика на Изложбата на младите, 1967; Белград, Награда на УЛУС за графика, 1968; Белград, Награда за графика на Октомврискиот салон, 1968; Љубљана, Откупна награда на VIII меѓународна изложба на графика, 1969; Сомбор, I награда за цртеж на III триенале на југословенски цртеж на младите, 1969; Загреб, Откупна награда на Кабинетот за графика на ЈАЗУ на VI загрепска изложба на графика, 1970; Болоња, Јавно признание на жирито на изложбата на меѓународна графика, 1970.

АДРЕСА

Белград, Обилиќев венац 18

18.

КОГА СКОКНАВ ВО РИНГ ИЛИ ЌЕ ПОБЕДАМ, 1968.

масло на платно, 150×140



17

18





19
22



## НЕДЕЛКО ГВОЗДЕНОВИЌ

роден во Мостар 1902. Од 1922—24 година студира сликарство во Минхен во приватна школа на Ханс Хофман. Живее и работи во Белград од 1926 година. Во 1940 година е избран за професор на Ликовната академија во Белград, на која должност се наоѓа и денес. Дописен член на Српската академија на науките и уметностите од 1963. Бил член на групите »Дванаесторица« и »Шесторица«.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Белград 1934, 1961, 1970; Мостар 1965; Ниш 1966.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Брисел, Современа југословенска уметност, 1932; Париз, Меѓународна изложба на сликарство, 1937; Рим, Современа југословенска уметност, 1937; Венеција, XXVI биенале, 1952; Токио, IV биенале, 1957; Париз, Современа југословенска уметност, 1961/62; Бруклин, XXII меѓународно биенале на акварел, 1963; Атина, Солун, Современи југословенски сликари и графичари, 1963; Дрезден, Српско сликарство меѓу двете војни 1918—1939, 1968/69; Париз, Сараево, Уметност во Југославија од праисторија до денес, 1971; Дубровник, Современо сликарство на Југославија (АИКА), 1956; Чачак, Меморијал на Надежда Петровиќ, 1960, 1962; Белград, Октомвриски салон, 1960, 1961, 1962; Белград, Триенале на југословенска ликовна уметност, 1961, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, IV ДЕЦЕНИЈА — експресионизам на бојата, поетски реализам, 1971; Изложбите на УЛУС; Сомбор, Ликовна Есен, 1961, 1963, 1964, 1968 и др.

НАГРАДИ
Награда на Сојузот на синдикатите на Југославија за сликата »Градилиште«, 1953; Белград, Награда на »Политика«, 1959; Чачак, Награда за сликарство на II меморијал на Надежда Петровиќ, 1962; Седмојулска награда на СР Србија, 1968.

АДРЕСА
Белград, Студентски трг 19

19.
МРТВА ПРИРОДА ВО БЕЛО—СИВО, 1966.
масло на платно, 60×64

20.
БЕЛ ЅИД ВО ЗЕЛЕН ПЕЈЗАЖ, 1967.
масло на платно, 61,5×87
сопств. на авторот

---

## ЃОРЃЕ ИВАЧКОВИЌ

роден 1930 во Хоргош. Завршил Архитектонски факултет во Белград. Од 1962 живее и работи во Париз.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Париз, 1963, 1967; Белград, 1971.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Париз, Округли формати, 1963; Париз, Биенале на младите, 1965; Париз, Творби на хартија, 1965; Париз, Времена таблица за ориентација, 1965; Фонтенеј, Млади современи сликари, 1966; Париз, Мали формати, 1966; Париз, Пролет во Париз, 1966; Париз, Доба на џез, 1966; Париз, Селекција за наградата Виктор Шоке, 1968; Париз, Мајски салон, 1970; Париз, Големите и младите на денешницата, 1971; Бањоле, Месец на ликовните уметности, 1971; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972; Белград, III триенале на југословенска ликовна уметност, 1967; Белград, IX октомвриски салон, 1969; Белград, IV белградско триенале на југословенска ликовна уметност, 1970; Белград, XI октомвриски салон, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Белград, Апстрактно сликарство во Србија 1951—1971, 1971 и др.

АДРЕСА
Белград, Павле Папа 12.
Paris, 94-Ivry, 19 Rue Gagnée, 12 — France

21
СЛИКА 18. III 1971, 1971.
масло на хартија, 170×160

22.
СЛИКА 13. IV 1971, 1971.
масло на хартија, 170×160

## ОЛЈА ИВАЊИЦКИ

родена во Панчево 1931 година. Академија за ликовни уметности и постдипломски студии завршила во Белград 1957 година. Се занимава со скулптура и сликарство.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Белград 1957, 1961, 1964, 1965, 1966, 1969, 1970; Ровињ 1964; Скопје 1965; Загреб 1966; Њујорк 1968; Рим 1970; Ниш 1972.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Белград, УЛУС, 1955—1961, 1963, 1964, 1965, 1967, 1968, 1969; Белград, Скулптура во слободен простор, 1957, 1963; Риека, Биенале на младите, 1960; Белград, Октомвриски салон, 1961, 1962, 1964, 1967; Сомбор, I триенале на современ југословенски цртеж, 1963; Загреб, Современа српска уметност, 1964; Белград, 20 години на белградска скулптура, 1964; Белград, Нови облици на надреализмот и релационизмот, 1964; Белград, Нова фигурација на белградскиот круг, 1965; САД, Санта Барбара Музеј, 1967; Белград, Триенале на југословенска ликовна уметност, 1967, 1970; Белград, Ретроспективна изложба на »Медиала«, 1969; Берлин, Кунстгруп, 1969; Виена, Изложба на групата »Медиала«, 1970; Белград, Некои тенденции на белградската уметност, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971; Рим, Претставници на белградската фигуративна уметност, 1971; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972.

НАГРАДИ
Белград, Сребрна плакета за илустрација на белетристиката на изложбата »Златно перо на Белград«, 1964.

АДРЕСА
Белград, Косанчиќев венац 19

23.

САЛАМАНДЕР ДАРЛИНГ, КАКО ТОА УБАВО ЅВОНИ, 1970.
масло на платно, 138×310

---

## ДРАГОШ КАЛАИЌ-ДРАГО

роден 1943 во Белград. Студирал во Академијата за ликовни уметности во Белград. Завршил Академија за ликовни уметности во Рим 1966.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
Белград 1958, 1965, 1967; Рим 1964, 1967; Брисел, Комо, 1967; Загреб 1968; Модена 1969; Болоња, Милано, Бреша, Ливорно, Пескиера, Молфета, 1970.

ПОВАЖНИ ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО
Питсбург, Интернационална изложба на »Карнеџи институт«, 1964; Земјите на Блискиот Исток, Современо италијанско сликарство, 1964; Аквила, »Актуелни алтернативи« 2 и 3, 1965, 1968; Париз, Наративна фигурација во современата уметност, 1965; Напуљ, »Димензии на фигуративно изразување денес«, 1966; Лисоне, »Награда Лисоне«, 1967; Лињано, I интернационално биенале, 1968; Виена, »Слике«, 1970; Брно, Прага, Современо југословенско сликарство, 1972; Рим, Претставници на белградската фигуративна уметност, 1971; Белград, Нова фигурација на белградскиот круг, 1966; Белград, III триенале на југословенска ликовна уметност, 1967; Белград, »Димензии на реалното«, 1967; Белград, »Суровоста како идеал«, 1968; Белград, IV белградско триенале на југословенска ликовна уметност, 1970; Љубљана, Современа српска уметност, 1971.

НАГРАДИ
